**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 10-682/5**

**Скопје, 24.10. 2005 година**

**ДО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ**
**„УЛИЦИ И ПАТИШТА“**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавно претпријатие „Улици и патишта“-Скопје ( во понатамошниот текст „Улици и патишта“) за 2004 година, кои се прикажани на страните од 9 до 12.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Улици и патишта за 2000 година. За годината 2003 која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Владимир Кочовски - директор,

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 8, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 21.07.2005 до 29.07.2005 и од 22.08. до 09.09.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Максим Ацевски, Помошник главен државен ревизор;
   - Љубинка Здравеска- самостоен ревизор,
   - Весна Младеновска, ревизор,
   - Билјана Арсовска Андонова, ревизор,
   - Десанка Крстеска, ревизор,
   - Мирјана Симакоска, ревизор,

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Неправилна примена на акти**

10.1.1. „Улици и патишта“-Скопје за деловната 2004 година нема донесено програма за работа и развој (инвестициона програма) што е спротивно на член 11 од Законот за јавни претпријатија и член 38 од Статутот на јавното претпријатие. Непревземањето на активности за изработка на наведените програми, нивно донесување и обезбедување согласност од страна на основачот на Јавното претпријатие придонесува да се оневозможи учество во управувањето и одлучувањето во јавното претпријатие од страна на основачот, а работењето да се одвива стихијно.

10.1.2. „Улици и патишта“ во сметководствената евиденција на име обврски за даноци и придонеси од добивката искажана е обврска за данок од добивка во вкупен износ од 9.202 илјади денари. Искажаната обврска произлегува од пресметан, а неплатен данок од добивка и тоа: за 2002 година во износ од 1.384 илјади денари; за 2003 година во износ од 4.159 илјади денари и за 2004 година во износ од 3.659 илјади денари. Непревземањето на мерки за плаќање на данокот од добивка е спротивно на Член 39б од Законот за данок од добивка. Неуплаќањето на данокот од добивка предизвикува потценување на приходите на Буџетот на Републиката за годината за која субјектот имал обврска да го уплати данокот.

10.1.3. „Улици и патишта“ на име обврски за данок на додадена вредност во сметководствената евиденција искажало износ од 22.606 илјади денари. Искажаната обврска произлегува од пресметан, а неуплатен данок на додадена вредност и тоа: за 2002 година во износ од 6.720 илјади денари; за 2003 година во износ од 8.214 илјади денари и за 2004 година во износ од 7.672 илјади денари. Неуплатувањето на данокот на додадена вредност е спротивно на Член 43 од Законот за данок на додадена вредност. Непочитувањето на законските прописи и

неуплаќањето на данокот на додадена вредност предизвикува потценување на приходите на Буџетот на Републиката за вкупен износ од 22.606 илјади денари.

10.1.4. При исплата на нето платата „Улици и патишта“ не уплаќа соодветен дел на придонес за пензиско и инвалидско осигурување. Неплаќањето на соодветен дел на пресметаниот придонес за пензиско и инвалидско осигурување е спротивно на член 180 став 10 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Непочитувањето на законските прописи и неуплаќањето на соодветен дел од придонесот за пензиско и инвалидско осигурување предизвикува потценување на приходите на буџетите на фондовите, kако составен дел на Буџетот на Републикаката во вкупен износ од 3.667 илјади денари.

10.1.5. Во сметководствената евиденција „Улици и патишта“ искажала обврски за други даноци и придонеси од плати во износ од 419 илјади денари кои произлегуваат од поранешни години за пресметани средства на солидарноста, без притоа да се превземат конкретни активности за нивно плаќање согласно Наредбата за уплата на средствата на солидарноста. Непочитувањето на наведената наредба и неуплатување на наведените средства во корист на трезорската сметка „средства на солидарноста на Републиката за отстранување на последиците од елементарни непогоди“ предизвикува потценување на приходите на Републиката наменети за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

10.1.6. „Улици и патишта“ примило заем и тоа во текот на 2000 и 2001 година од Јавното претпријатие „ Водовод и канализација“-Скопје во износ од 2.822 илјади денари и во текот на 2004 година од АД за осигурување „Вардар“-Скопје во износ од 8.000 илјади денари. За задолжувањето кај наведените субјекти „Улици и патишта“ нема добиено согласност од основачот, што е спротивно на член 11 од Законот за јавните претпријатија. Непочитувањето на законските одредби допринесува Јавното претпријатие незаконски да се задолжува а за средствата од АД за осигурување „Вардар“-Скопје плаќање на месечни камати.

**Препораки и мерки:**

1. „Улици и патишта“ да пристапи кон изработување на програма за работа и развој (инвестициона програма) согласно Законот за јавните претпријатија и статутарните одредби на претпријатието.

2. „Улици и патишта“ да изврши плаќање на неплатените обврски од поранешни и тековната година на име даноци и придонеси од добивката, данок на додадена вредност, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и средства на солидарноста согласно Наредбата и за истото го извести Државниот завод за ревизија.

3. „Улици и патишта“ да воспостави политики и процедури, со кои во моментот на пресметување и исплата на нето платите ќе изврши плаќање на законоски утврдените даноци и придонеси од плати.

4. „Улици и патишта“ да воспостави процедури кои во наредниот период ќе оневозможат претпријатието да се задолжува без согласност на

основачот и да пристапи кон утврдување на одговорноста на лицата кои овозможиле задолжување на претпријатието без согласност.

10.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. На позициите побарувања од купувачите, дадени кредити, депозити и кауции, обврски спрема добавувачите и однапред платени приходи во Билансот на состојба искажани се побарувања во износ од 4.331 илјади денари и обврски во износ од 10.015 илјади денари кои потекнуваат од поранешни години, истите се застарени и не се превземени соодветни активности за нивна наплата-плаќање односно отпишување што е спротивно на Законот за облигационите односи. Непочитувањето на законот за облигационите односи и непревземањето на активности за раскнижување-отпишување на наведените позиции предизвикува нереално и необјективно прикажување на наведените позиции. (Прилог број 1)

10.2.2. „Улици и патишта“ нема пропишани соодветни политики и начела за евидентирањето, издавањето и признавањето на ситниот инвентар (авто-гуми, ХТЗ-опрема, специјален универзален алат) како трошок. Во моментот на издавање на ситниот инвентар целокупниот износ се евидентира на трошок, при што не е обезбедена евиденција за нивната употреба, што е спротивно на член 472 од Законот за трговските друштва и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план. Непридржувањето кон наведените законски прописи и непропишувањето на соодветни политики и начела овозможува појава на неправилна и нерационална употреба на ситниот инвентар.

10.2.3. Направени се трошоци за горива и мазива во вкупен износ од 3.830 илјади денари (гориво 3.169 илјади денари и мазива 661 илјада денари) при тоа јавното претпријатие нема пропишано и воспоставено соодветни нормативи за потрошувачката на истите, кои ќе преставуваат критериум за оправданоста на искажаните трошоци. Непропишувањето и отсуството на наведените нормативи придонесува да се оневозможи следење на законското и наменското трошење на средствата.

10.2.4. „Улици и патишта“ нема пропишано и воспоставено соодветни политики и начела за издавањето и материјалната евиденција на канцелариския материјал, што е спротивно на член 472 од Законот за трговските друштва и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план. Непридржувањето кон наведените законски прописи, непропишувањето на соодветни политики и начела и отсуството на системот на интерни контроли придонесува неправилна и нерационална употреба на канцелариския материјал.

10.2.5. Улици и патишта“ нема пропишано и воспоставено соодветни полкитики и начела за задолжување на парагон блок за наплата на паркинг простор и евидентирање на остварениот приход од паркинг услугите. Отсуството на сметководствена евиденција за задолжување на лицето кое наплатува паркинг услуги со колку билети е задолжен и колку билети се продадени, и евидентирање само на дневен пазар во благајната, е спротивно на член 472 од Законот за трговските друштва и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план. Непропишувањето и отсуството на: наведените политики и

начела и системот на интерни контроли придонесува да се оневозможи следење на законското и наменското наплатување и трошење на средствата.

**Препораки и мерки:**

1. Улици и патишта“-Скопје да превземе активности за наплата-плаќање на ненаплатените побарувања и обврски и за истите кои ќе оцени дека се ненаплатливи да предложи на надлежниот орган да донесе соодветен акт за отпишување на истите во согласност со Законот за облигационите односи.

2. „Улици и патишта“ да воспостави соодветни сметководствени политики и начела за евидентирањето, издавањето и признавањето на материјалите, ситниот инвентар како трошок и нормативи за потрошувачката на горивата и мазивата.

## 10.3. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба

10.3.1. „Улици и патишта“ нема воспоставено соодветни политики и начела на признавање на побарувањата и обврските. Пристапувано е кон склучување на Договор за цесија со основачот и други правни субјекти за кои „Улици и патишта“ нема обврски во договорениот износ. Несоодветното признавање на побарувањата и обврските и склучувањето на Договор за цесија во поголем износ од настанатиот должничко доверителен однос е во спротивност со Законот за облигационите односи. Ваквата состојба придонесува нереално искажување на билансните позиции во финансиските извештаи односно на дадените аванси, депозити и кауции и добавувачи во земјата во помал износ за 400 илјади денари и овозможување на противправна имотна корист на наведените правни субјекти во (Преглед број 2).

10.3.2. Во сметководствената евиденција не е извршено искажување на обврските за неисплатени надоместоци на членовите на Управниот и Надзорниот одбор во бруто износ од 4.250 илјади денари односно (за 2002 година во бруто износ од 1.807 илјади денари, за 2003 година во бруто износ од 1.328 илјада денари и за 2004 година во износ од 1.115 илјади денари). Неискажувањето на обврските за неисплатените надоместоци е спротивно на Одлуката за утврдување на висината на надомест на членовите на управниот одбор, Одлука за висината на надомест на членовите на одборот за контрола на материјално финансиско работење и член 472 од Законот за трговските друштва. Неискажување на наведените обврски придонесува искажување во помал износ на обврските спрема вработените по други основи и останати неспомнати краткорочни обврски за износ од 3.613 илјади денари, обврските за останати неспомнати даноци, придонеси и други давачки за износ од 637 илјади денари и загубата од финансиската година по оданочување за износ од 3.613 илјади денари и поголема обврска за данок од добивка во износ од 637 илјади денари.

10.3.3. Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните позиции. Од вкупно испратените 45 конфирмации до исто толку комитенти добиени се 10 одговори, што претставува 22,22% од вкупно

испратените, од кои сите 10 не се потврдени, додека 35 воопшто не одговорија што претставува 77,78% од испратените конфирмации. Од претходното може да се констатира мал одзив на Вашите коминтенти кое оневозможува целосно да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

**Препораки и мерки:**

1. „Улици и патишта“ да воспостави соодветни политики и начела на признавање на побарувањата и обврските и да превземе активности за поврат на повеќе платените средства, односно дадени аванси без настанат должничко доверителен однос.
2. „Улици и патишта“ да превземе активности за усогласување на меѓусебните побарувања и обврски со коминтентите.

10.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

10.4.1. „Улици и патишта“ не располага со : план за јавни набавки, нема донесено Одлука за потребата од одделната набавка и не е утврден начинот и постапката за извршување на набавката, критериумите за избор на најповолен понудувач и не располага со регистер за извршените набавки, што е спротивно на Законот за јавни набавки. Извршени се набавки на материјали, резервни делови,ситен инвентар, авто-гуми и услуги во вкупен износ од 36.036 илјади денари од кои за набавките во износ од 19.467 илјади денари при спроведување на постаката не е овозможено доследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки и за набавките во износ од 16.569 илјади денари не е спроведена постапка за јавна набавка. Непочитувањето на Законот за јавни набавки и не спроведувањето на соодветните постапки за набавка на материјали, резервни делови, ситен инвентар, авто-гуми и услуги предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата, набавки по повисоки цени, и необезбедување на фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.(Прилог број 3)

10.4.2. „Улици и патишта“ нема пропишано и донесено соодветни акти за начинот на задолжување и користење односно утврдување на дозволениот лимит на направени трошоци по корисник за користење на мобилни телефони, при што во сметководствената евиденција се искажани трошоци за оваа намена во износ од 856 илјади денари. Отсуството на соодветен акт за утврдување и регулирање на соодветното право на користење го оневозможува следењето на законското и наменското трошење на средствата.

10.4.3. Извршена е исплата на име патни трошоци од местото на живеење до работното место и обратно за лица ангажирани преку младинска задруга во вкупен бруто износ од 463 илјади денари, што е спротивно на одредбите од склучените договори. Исплатата на средствата за оваа намена без обврска за нивна исплата предизвикува незаконско и ненаменско користење на средствата.

10.4.4. „Улици и патишта“ немаат: пропишано соодветни политики и начела на обезбедување на побарувањата, следење на нивната наплата, превземање на соодветни мерки за наплата на побарувањата и воспоставена пракса на склучување на договори за набавки и извршување на услуги. Спротивно на статутарните одредби на претпријатието, директорот на претпријатието на ден 10.02.2005

година донесува Одлука за отпишување на застарени побарувања бр.05-166 со која се отпишани ненаплатени побарувања постари од 3 години во износ од 1.846 илјади денари. Непропишувањето на соодветни политики и начела, невоспоставениот механизам за следење на наплатата, необезбедување на побарувањата, несклучување на пишани договори и непревземањето на соодветни активности за нивна наплата согласно законските прописи направена е материјална штета на претпријатието во износ од 1.846 илјади денари. (Прилог број 4 )

**Препораки и мерки:**

1. „Улици и патишта“ да обезбеди доследно почитување на Законот за јавни набавки, а пред се да изработи план за јавни набавки, да ја утврди потребата, начинот и постапката за извршување на набавката, критериумите за избор на најповолен понудувач и воспостави регистар за извршените набавки.

2. „ Улици и патишта“ да овозможи доследно почитување на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од склучените договори.

3. „Улици и патишта“ да пропише соодветни политики и начела на обезбедување на побарувањата и следење на нивната наплата, превземање на соодветни, навремени и интензивни мерки за наплата на побарувањето и воспостави пракса на склучување на договори за извршените набавки и услуги.

4. Надлежните органи при „Улици и патишта“ да пристапат кон утврдување на причините за отпишување на побарувањата, непревземање на мерки за нивна наплата и да ја утврди евентуалната одговорност.

10.5. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 10.1; 10.2; 10.3 и 10.4 предизвикуваат „Улици и патишта“ да: нема изработено и донесена програма за работа, не ги подмири сите обврски према Буџетот на Република Македонија и Буџетите на фондовите во вкупен износ од 35.894 илјади денари, задолжување без согласност на основачот, непостоење на соодветни сметководствени политики за начинот на отпишување на застарените аванси, побарувања и обврски, непостоење на нормативи за признавање на потрошувачката на горива и мазива, неискажани обврски, искажана загуба во помал износ од 3.613 илјади денари и остварено незаконско и ненаменско користење на средствата.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1 до 10.3 ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на „Улици и патишта“ под 31 Декември 2004 година.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1; 10.2 и 10.4, кај „Улици и патишта“ не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2004 година.

13. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

13.1. Надзорниот орган на „Улици и патишта“ на ден 21.02.2005 година ја разгледал Годишната сметка и извештајот за работа за периодот 01.01 до 31.12.2004 година, при што покрај другото констатира:

- загуба во работењето за тековната година во износ од 16.452 илјади денари;
- „управниот одбор управува со работењето на претпријатието, па и тој сноси одговорност за ваквата состојба, а исто така и раководството на претпријатието“.
- Препорачува Советот на град Скопје годишната сметка на претпријатието да ја усвои и искажаната загуба да ја покрие.

Управниот Одбор на претпријатието на ден 21.02. 2005 година и основачот на јавното претпријатие Советот на град Скопје на ден 07.03.2005 година донесуваат: Одлука за прифаќање на годишната сметка односно Решение за давање согласност на годишната сметка за 2004 година без притоа да ги: утврдат причините за искажаните негативни резултати од работењето во финансиските извештаи и да предложат мерки и активности за покривањето на загубата.

Ценејќи ги сосотојбите и фактот дека претпријатието континуирано искажува загуба од работењето односно за тековната година искажува загуба во износ од 16.425 илјади денари, пренесена загуба во износ од 58.123 илјади денари, т.е. вкупна загуба во износ од 74.548 илјади денари односно вкупна загуба со ефект од ревизијата во износ од 78.161 илјада денари и не е во состојба да го одржува својот капитал, менаџментот, управниот одбор и основачот на претпријатието потребно е да превземат активности и мерки за утврдување на причините и одговорноста за остварените негативни резултати од работењето, да изработат, предложат и донесат соодветна програма и акт за надминување на наведената состојба и покривање на загубата на претпријатието.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 24/10/2005 година**

**Максим Ацевски**

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2004 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | Образло-женија | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 82,247 | 102,564 |
| Останати деловни приходи | 3.2. | 491 | 2,237 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | | **82,738** | **104,801** |
| Материјални трошоци | 3.5. | 34,539 | 36,565 |
| Трошоци за бруто плати | 3.6. | 39,552 | 42,368 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 3.7. | 891 | 1,543 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 3.8. | 1,846 | 1,966 |
| Останати оперативни трошоци | 3.9. | 17,476 | 19,377 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | | **94,304** | **101,819** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 3.3. | 654 | 1,429 |
| Приходи од учества на вложувања | 3.4. | 81 | 1 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 3.10. | 1,935 | 3,987 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | | **(12,766)** | **425** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **(12,766)** | **425** |
| **Данок од добивка** | | **3,659** | **4,159** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | | **(16,425)** | **(3,734)** |

Образложенијата дадени од страна 13-27 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапувања.

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 4.1. | 7 | 22 |
| Побарувања по основ на продажба | 4.2. | 60,876 | 75,798 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 4.3. | 55 | 55 |
| Други краткорочни побарувања | 4.4. | 10,181 | 3,216 |
| Платени трошоци за идните периоди | 4.5. | 669 | 599 |
| Залихи | 4.6. | 5,586 | 6,064 |
| **Вкупно тековни средства** | | **77,374** | **85,754** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални и материјални средства | 4.7. | 1,801 | 2,145 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 4.8. | 685 | 685 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **2,486** | **2,830** |
| **Вкупна актива** | | **79,860** | **88,584** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачите | 4.9. | 40,901 | 50,155 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 4.10. | 17,011 | 19,242 |
| Останати краткорочни обврски | 4.11. | 71,322 | 52,042 |
| Одложени плаќања на трошоци | 4.12. | 1,149 | 1,272 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **130,383** | **122,711** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Капитал | 4.13. | 23,185 | 23,185 |
| Ревалоризациона резерва | 4.14. | 88 | 59 |
| Резерви | 4.15. | 752 | 752 |
| Пренесена загуба | | 58,123 | 54,389 |
| Загуба за финансиска година | 4.16. | 16,425 | 3,734 |
| **Вкупно капитал и резерви** | 4.17. | **(50,523)** | **(34,127)** |
| **Вкупна пасива** | | **79,860** | **88,584** |

Образложенијата дадени од страна 13-27 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапувања.

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2004 ГОДИНА**

| О П И С | Капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **23,185** | **752** | **59** | **(58,123)** | **(34,127)** |
| Ревалоризациона резерва за годината | | | 29 | | **29** |
| Загуба за финансиска година | | | | (16,425) | **(16,425)** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **23,185** | **752** | **88** | **(74,548)** | **(50,523)** |

Образложенијата дадени од страна 13-27 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапувања.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2004 ГОДИНА

| | во 000 Ден. 2004/2003 |
|---|---|
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(12,766)** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 880 |
| Ревалоризација на амортизација | 11 |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 1,848 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 6 |
| Данок од добивка | (3,659) |
| **Готовински текови од работење** | **(13,680)** |
| Побарувања по основ на продажба | 13,076 |
| Други краткорочни побарувања | (6,965) |
| Платени трошоци за идните периоди | (70) |
| Залихи | 478 |
| Обврски спрема добавувачи | (9,254) |
| Краткорочни обврски од финансирање | (2,231) |
| Останати краткорочни обврски | 19,280 |
| Одложени плаќања на трошоци | (123) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **511** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (526) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(526)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(15)** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **22** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **7** |

Образложенијата дадени од страна 13-27 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапувања.